OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 24 ноември 2014

## ПАТУВАЈТЕ ВО ПАРИЗ ЗА 150 ГОДИШНИНАТА НА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ ГРУПАЦИЈАТА

**По повод 150 годишнината на Сосиете Женерал Групацијата, Охридска банка организира наградна игра за сите корисници на MasterCard платежни картички.**

Сите корисници на Maestro, MasterCard Standard дебитна картичка, MasterCard Standard револвинг кредитна картичка и MasterCard Gold кредитна картичка од Охридска банка кои во периодот од 24.11.2014 до 31.12.2014 година ќе реализираат најмалку 15 трансакции од по минимум 150 денари стануваат потенцијални добитници на една од вредните награди.

Главната награда е патување  во Париз со три ноќевања за двајца. Покрај главната награда ќе бидат доделени два вредносни ваучери за викенд во Банско за двајца и три вредносни ваучери за викенд во Берово за двајца.

Право на учество во наградната игра имаат сите физички лица, корисници на MasterCard картичките од Охридска банка кои во периодот на траење на наградната игра ќе ги исполнат условите за учество. Трансакциите треба да бидат реализирани на ПОС терминал во било кое продажно место во земјата или со електронско плаќање преку интернет на македонски веб портали.

Правила на наградната игра „ПАТУВАЈТЕ ВО ПАРИЗ ЗА 150 ГОДИШНИНАТА НА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ ГРУПАЦИЈАТА!“

Извлекувањето ќе се одржи на 12.01.2015 година, а резултатите ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на Охридска банка АД Скопје најдоцна во рок од три дена од денот на завршување на истото.

Уживајте во користењето на MasterCard платежните картички од Охридска банка и станете добитник на патување во магичниот Париз!

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013